РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2733/2
02-02-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на првото продолжение 99 -та седница, одржана на ден 30.01.2024 година донесе

**О Д Л У К А**

Пријавата заведена под број 12-2733/1 од 05.06.2023 година, доставена од познат подносител за пријавување на можна корупција на исплаќање на парични средства на физички лица од страна на средните училишта, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување од причина што по пријавените дејствија и активности постапува друг надлежен орган.

Предметот со број 12-2733/1 од 05.06.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 05.06.2023 година, поднесена е пријава по електронска пошта за пријавување на можна корупција која ја има увидено на сајтот open.finance.gov.mk и сумите кои според тој сајт се исплаќаат на физички лица од страна на средните училишта.

По ријавените наводи надлежен е друг орган да постапи, исто така наводите се општи не се конкретизира од кое средно училиште се пуштени паричните средства ниту пак на кои физички лица е вршена исплатата.

При надлежното постапување по предметниот случај ДКСК констатира дека по однос на пријавените дејствија и активности друг орган е надлежен да постапува.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:

- Подносителот на пријавата

Одобрил: Ш.С.,Член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk